**стручен труд**
**УДК: 811.163.3+811.162.4]:005.745(497.7)"2015"(049. 32)**
**821.163.3+821.162.4]:005.745(497.7)"'2015"(049 .32)**

# ОДРЖАН II МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СОБИР МАКЕДОНСКО-СЛОВАЧКИ КНИЖЕВНИ, КУЛТУРНИ И ЈАЗИЧНИ ВРСКИ

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Институт за македонска литература; Univerzita Konštantína Filozofa v Nitre, Filozofická Fakulta;* Скопје, Република Македонија, 2–3 јули 2015

Во организација на Институтот за македонска литература од Скопје, на 2 и 3 јули, во просториите на МАНУ, се одржа Вториот меѓународен собир: Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски. Конференцијата во Скопје се одржува во истата година кога се одбележува 70-годишнината од кодификацијата на кирилската азбука и правописот на модерниот македонски јазик и 200-годишнината од раѓањето на кодификаторот на литературниот словачки јазик, Људовит Штур.

Вториот собир претставува продолжение на научните и културните односи кои ги разви Институтот за македонска литература со Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф" од Нитра, Словачка. Благодарејќи на воспоставената соработка меѓу двете научни и образовни институции, во 2013 година, беше одржан Првиот меѓународен собир: Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски, во Нитра.

Интересот предизвикан од можноста да се истражува и да се дискутира за повеќе области од науката и книжевноста, воопшто, од културата на двете земји, придонесе на собирот да се пријават повеќе од четириесетина учесници со свои реферати.

Собирот го отвори потпретседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев, а поздравни говори до учесниците на настанот упатија и: Мартин Безак, амбасадор на Република Словачка во Република Македонија; Ѓорѓи Филипов, поранешен амбасадор на Република Македонија во Република Словачка (со седиште во Виена); Маја Јакимовска-Тошиќ, директор на Институтот за македонска литература и Петер Иванич од Филозофскиот факултет „Константин Филозоф" во Нитра. Последен зборуваше Ѓорѓе Иванов, претседател на Република Македонија, кој воедно беше и покровител на собирот.

Во продолжение ќе ги наведеме учесниците на Вториот меѓународен

собир: Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски и насловите на нивните пријавени реферати:

-Ѓорѓи Поп Атанасов: *За глаголското писмо и глаголските ракописи*;

-Илија Велев: *Улогата на св. Методиј во афирмацијата на словенската цивилизација и култура*;

-Маја Јакимовска-Тошиќ: *Придобивките на Методиевата епископија вградени во традицијата на охридската црква*;

-Miloslav Vojtech: *Spoločná slovensko-macedónska cyrilo-metodská tradícia a jej reflexia v slovenskej literatúre národného obrodenia*;

-Ацо Гиревски: *За светите Кирил и Методиј и нивното наследство;*

-Димитар Пандев: *Меѓу Методиј Солунски и Партениј Зографски*;

-Igor Tyšš: *The Moravian Mission as a Problem of Translation History [Veľkomoravská misia ako problém dejín prekladu];*

-Ѓорѓи Филипов: *Македонско-словачките односи од осамостојувањето на двете држави до денес / The Macedonian-Slovak relationships since the independency of the both states until today;*

-Peter Ivanič: *Názvy odvodené z apelatív blato, brod, brus, buk, hloh, javor a lev v slovenskej a macedónskej ojkonymii;*

-Лилјана Макаријоска: *За Синајскиот псалтир и македонските псалтирни текстови од XIII век (од лексички аспект)*;

-Júlia Dudášová-Kriššáková: *Zo slovensko-macedónskych jazykových vzťahov na lexikálno-sémantickej rovine (na materiáli Celokarpatského dialektologického atlasu);*

-Веселинка Лаброска – Лилјана Гушевска: *Фразеологијата како одраз на светогледот на словенските народи;*

-Мери Цубалевска: *Лексиката на Охридскиот апостол*;

-Saša Vojtechová Poklač: *K problematike a k aktuálnym trendom slovensko-južnoslovanskej lexikografie;*

-Јасминка Делова-Силјановска: *Македонско-чешки и словачки јазични врски;*

-Alexander Horák: *Osvojovanie si slovenčiny macedónskymi študentmi na Slovensku: špecifický typ kontaktu macedónčiny a slovenčiny;*

-Zvonko Taneski: *Vedecký a prekladateľský prínos Jána Jankoviča do slovensko-macedónskych literárnych a kultúrnych vzťahov / Научниот и преведувачкиот влог на Јан Јанкович во словачко-македонските книжевни и културни врски;*

-Јасмина Мојсиева-Гушева: *Меѓусебните интересирања и придонеси на македонските и словачките слависти;*

-Alica Kulihová: *Macedónska literatúra pre deti a mládež v slovenských*

*prekladoch;*

-Катерина Петровска-Кузманова: *Маските во македонските и во словачките обреди;*

-Martina Zajíčková: *Obraz smrti v ľudovej balade Slovákov a Macedóncov;*

-Тодор Чепреганов: *Словачка во идејата за подунавска федерација*;

-Александар Прокопиев: *Современиот миг во македонската и во словачката проза;*

-Лорета Георгиевска-Јаковлева: *Мигрантите во романите „Последниот коњ од Помпеја“ од Павел Виликовски и „Скриена камера“ од Лидија Димковска;*

-Marek Debnár: *Goce Smilevski a stredoeurópska literatúra;*

-Ана Мартиноска: *Чудесниот свет на Јана Бењова во романот „Кафе Хиена – Планот за испраќање“;*

-Гоце Смилевски: *Словачките добитници на наградата European Union Prize for Literature;*

-Дарин Ангеловски: *Интеркултурните перспективи во романот „Се случи на први септември (или некој друг ден)“ од Павол Ранков;*

-Валентина Миронска-Христовска: *Кирилометодиевската традиција во XIX век;*

-Martin Husár: *Včasnostredoveké žrďovo-bodné zbrane z územia dnešného Slovenska a Macedónska / Early medieval thrusting pole arms from present-day Slovakia and Macedonia;*

-Маја Ангеловска-Панова: *Кирилометодиевската проблематика во македонската историографија и книжевност*;

-Viktoria Liashuk: *Slovenský a macedónsky preklady Slova o pluku Igorovom: slová – obrazy;*

-Африм Реџепи: *Дали и понатаму книжевноста му треба на светот?*

-Славчо Ковилоски: *Људовит Штур и неговата „Книга за словенските народни песни и раскази“;*

-Erika Lalíková: *Pamäť a identita /Reflexie textov slovenských a macedónskych autorov/;*

-Соња Стојменска-Елзесер: *Жо Лангерова – книжевен документ за тоталитаризмот во Словачка;*

-Елизабета Шелева: *Наративниот модел на Јурај Шебеста;*

-Veronika Rácová: *Básnik Ján Ondruš v literárnovednej reflexii Zvonka Taneského;*

-Лидија Капушевска-Дракулевска: *Субверзивната моќ на гротеската во расказите на Јурај Шебеста;*

-Мишел Павловски: *Политиката и театарот (примери од словачкиот и македонскиот театар).*

На собирот се одржаа и неколку промоции:

-Ана Мартиноска – Miloslav Vojtech – промоција на зборникот од првиот меѓународен собир *Macedónsko-slovenské literárne, kultúrne a jazykové vzťahy / Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски* (Redaktori / Уредници: Маја Јакимовска-Тошиќ, Звонко Танески, Мартина Зајичкова);

-Александар Прокопиев – промотивна реч за *Антологијата на македонската книжевност (IX - XXI век)*;

-Лилјана Макаријоска – беседа за книгата *Просторите на текстот* (по врвиците на критиката и на академското пишување) од доц. д-р Звонко Танески;

-Јелена Лужина, промоција на книгата поезија *Индустриска љубов* од словачкиот автор Петер Шулеј во превод на македонски јазик;

-Peter Ivanič, prezentácia nového čísla medzinárodného časopisu Konštantínove listy / Constantine´s letters.

На крајот, можеме да заклучиме дека Вториот меѓународен собир: Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски, предизвика голем интерес кај научната јавност и во целост ги оправда високите очекувања на учесниците. Размената на искуства, на мислења и големиот број дискусии коишто се одвиваа по завршувањето на сесиите, покажаа дека меѓусебните македонско-словачки врски ќе продолжат да се развиваат и во иднина.

**Славчо Ковилоски**